**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 алинеја 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 103 став 1 точка 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 83/17)**

1. Со оваа одлука се пропишуваат видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи.

Финансиските извештаи се дадени во прилог кој е составен дел на оваа одлука.

Содржината на одделните позиции во белешките кон финансиските извештаи и барањата за обелоденување и прикажување на податоците во финансиските извештаи треба да бидат во согласност со Одлуката за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/17).

2. Паричните вредности во финансиските извештаи се искажуваат во илјади денари.

3. Банките се должни да ги внесат податоците во годишните финансиски извештаи за тековната и за претходната финансиска година.

Во извештаите од ставот 1 од оваа точка, финансиската година го опфаќа периодот од 1 јануари до 31 декември.

Во извештаите од став 1 од оваа точка во колоната за претходна година се внесуваат податоците од ревидираните финансиски извештаи за претходната година.

По исклучок на став 1 и став 3 од оваа точка, во годишните финансиски извештаи со состојба на 31 декември 2018 година во белешките 1.А, 2.1.А, 2.1.Д и во табелата „Движење на промените во сопствениот кредитен ризик на банката, за финансиски обврски кои се мерат по објективна вредност" во белешката 33 банките не треба да ги внесат податоците за претходната финансиска година.

По исклучок на став 1 и став 3 од оваа точка, во годишните финансиски извештаи со состојба на 31 декември 2018 година во табелите

„Движење на исправката на вредноста" во белешките 18, 22.1, 22.2.А, 23.1, 23.2 и 25, од податоците за претходната финансиска година банките треба да ја пополнат само колоната „ Вкупна исправка на вредноста".

4. За потребите на оваа одлука, полугодишните финансиски извештаи се состојат од:

- Биланс на успех;
- Извештај за сеопфатна добивка;
- Биланс на состојба;
- Извештај за промените во капиталот и резервите;
- Извештај за паричниот тек.

При подготовка на извештаите од ставот 1 од оваа точка банките не се должни да ја пополнат колоната за претходната година.

Во извештаите од став 1 од оваа точка колоната за тековната година го опфаќа периодот од 1 јануари до 30 јуни.

5. Извештаите од точка 3 и точка 4 од оваа одлука, пред да се достават до Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) треба да бидат потпишани од страна на членовите на Управниот одбор на банката со назнака на датумот на потпишување.

6. Банките се должни да ги достават полугодишните, годишните и консолидираните финансиски извештаи до Народната банка во роковите пропишани во Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16).

7. Банката за која е донесено решение за отворање стечајна постапка или за спроведување ликвидациска постапка ќе подготви финансиски извештаи со состојба еден ден пред датумот на решението за отворање стечајна постапка или за спроведување ликвидациска постапка. Банката е должна да ги достави овие финансиски извештаи до Народната банка најдоцна во рок од десет дена по датумот на донесување на решението за отворање стечајна постапка или за спроведување ликвидациска постапка.

8. Банките ќе ги пополнат белешките 1.А.а, 1.Б.1, 1.Б.2, 1.Б.3 и 2.1.А.а единствено во годишните финансиски извештаи со состојба на 31 декември 2018 година.

Банките нема да ги пополнуваат белешките од ставот 1 од оваа точка во годишните финансиски извештаи за периодите по 1 јануари 2019 година.

9. Во годишните финансиски извештаи со состојба на 31 декември 2018 година банките се должни да ја прикажат разликата од точка 3 став 2 од Одлуката за методологија за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи во Извештајот за промени во капиталот и резервите за периодот од 1 јануари до 31 декември 2018 година како корекција на почетната состојба на задржаната добивка или акумулираната загуба.

10. Во годишните финансиски извештаи со состојба на 31 декември 2018 година, во белешката 12 банките се должни да ги прикажат на збирна основа податоците за претходната 2017 година за исправката на вредноста и посебната резерва за вонбилансна изложеност на поединечна и на групна основа.

11. Одредбите од оваа одлука се применуваат и на филијалите на странски банки и на штедилниците во Република Македонија.

12. Со отпочнувањето на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/10, 152/11, 54/12 и 166/13).

13. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2018 година.

**О бр. 02-15/V-3/2017**
**22 јуни 2017 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседател**
**на Советот на Народната банка на Република Македонија**
**Димитар Богов**